Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14,199/14,27/16), Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, на ден 15.06.2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија бр. 04-218/3 од 23.11.2016 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители, бр. 02-56/4 од 24.02.2021 година и бр. 02-97/2 од 18.05.2021 година

**Член 2**

Во Глава II во членовите 7, 8 и 9 во кој се утврдени посебните услови за работните места на административните службеници од категориите Б, В и Г) во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа - познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), **се бришат деловите**:
- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2(В2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или АПТИС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест ДаФ
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1(В1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3,5 - 4,5 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или АПТИС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 450 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите нивоа на категорија - В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2(А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или АПТИС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија - Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или АПТИС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

**Член 3**

Во Глава II во членовите 7, 8 и 9 во кој се утврдени посебните услови за работните места на административните службеници од категориите Б, В и Г во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, **се додава/останува** следниот текст:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцelarиско работење.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Согласно извршените измени во овој правилник, се вршат соодветни измени и во постојниот Табеларен преглед на работните места во Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 02-131/7
15.06.2023 година

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Антонио Јолевски